ОПШТИНА ШТИП
MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-6638/6*
*14.11.2023*
*Ш т и п*

До

Државни органи, јавни институции, установи,
правни лица кои вршат јавни надлежности и заинтересирани граѓани

ПРЕДМЕТ: Покана за учество на јавна презентација и јавна анкета

Почитувани,

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20),член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02),и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина за 2023 година со Одлука бр. 08-1080/1 од 08.02.2023 година, од Советот на Општина Штип Градоначалникот на Општина Штип ја доставува следната:

**П О К А Н А З А У Ч Е С Т В О**

**на јавна презентација и јавна анкета**

**по изготвен**
**ДУП за Урбана четврт ЦЕ блок 03 од ГУП за град Штип,**
**КО Штип 1, КО Штип 3, КО Штип 5,**
**Општина Штип**

Согласно член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20) се организира **јавна презентација и јавна анкета по изготвен** Нацрт План на **ДУП за Урбана четврт ЦЕ блок 03 од ГУП за град Штип, КО Штип 1, КО Штип 3, КО Штип 5, Општина Штип. Во контекст на ова се доставува покана за учество на јавна презентација и јавна анкета по изготвен детален урбанистички план.**

Границата на планскиот опфат претставена описно е следна:

-од запад и северозапад границата се совпаѓа со осовина на речно корито на река Брегалница;

-од југозапад границата се совпаѓа со осовина на улица „ Гоце Делчев“;

-од југоисток границата се совпаѓа со осовина на улица „ Партизанска“ и

-од североисток границата се совпаѓа со осовина на улица „ Вардарска“.

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

CamScanner

Во планската програма дефиниран е плански опфат кој е прикажан на графички прилог кој е приложен во постапката во систем е урбанизам.

Јавната анкета и јавната презентација по ДУП за Урбана четврт ЦЕ блок 03 од ГУП за град Штип, КО Штип 1, КО Штип 3, КО Штип 5, Општина Штип, Нацрт план (плански период 2023-2028), ќе се спроведе со излагање на деталниот план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

**ЈАВНАТА АНКЕТА ќе трае 35 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението (11 Декември 2023 год-Понеделник) и тоа од 12 Декември 2023 год (Вторник) и истиот ќе трае до 01 Февруари 2024 год (Четврток), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 17 Јануари 2024 (Среда), во 11:00 часот во просториите на Сала 2 на Општина Штип.**

Изработил:
Драгана Штерјова, диа
Контролирал:
Лазар Хаџи Николов

Секретар на Општина Штип
Вишна Шорова-Ангелова

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*



CamScanner